## Стратегија за локален економски развој 2023-2028

# ОПШТИНА НОВАЦИ

*Општина со еколошки чиста и здрава средина , најголем производител на земјоделски култури во Македонија, посакувано место за инвеститори и посетители во областа на рурален, меморијален и еко туризам.*




**Јули 2023 година**

# Содржина

Предговор од градоначалникот ..... 3

1. Извршно резиме ..... 4
2. Листа на кратенки ..... 5
3. Вовед во стратегијата ..... 6
4. Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој ..... 7
5. Локална економска анализа ..... 8
   - 5.1 Анализа на локалната економска структура ..... 8
   - 5.2 Локална соработка и вмрежување ..... 12
   - 5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција ..... 14
   - 5.4 Пристап до финансии ..... 15
   - 5.5 Земјиште и инфраструктура ..... 16
   - 5.6 Регулаторна и институционална рамка ..... 18
   - 5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност ..... 19
   - 5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг ..... 20
6. SWOT Анализа ..... 22
7. Визија и стратешки цели ..... 23
8. Акциски план ..... 25
9. Шема на финансирање ..... 34
10. Анекс 1 – Табела со можности за финансирање на бизнис секторот ..... 40

# Предговор од градоначалникот

Работата на локалната самоуправа никогаш не сопира, посебно кога се работи за општина каква што е Новаци, која е карактеристична по големата територија, големиот број населени места, но мал број на население. Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и  улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Економскиот развој на Општина Новаци се темели на развојот на земјоделското производство, производството на електрична енергија од класични но и обновливи извори на енергија, развој на алтернативниот и меморијалниот туризам. За правилен развој на економијата потребно е добро планирање и изработка на квалитетни стратегии, планови и програми. Со оваа Стратегија за ЛЕР на Општина Новаци се утврдуваат развојните приоритети во областа на Локалниот економски развој во периодот на 2023 – 2028 година. Активностите предвидени со оваа стртатегија претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Новаци, создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Преку имлементација на Стратегијата ќе се реализираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Новаци како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон гореспоменатите цели, континуиран развој на капацитетите на Општина Новаци за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, промоција на општината, активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови, следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Новаци и останатите стратешки документи, динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Ваквата долгорочна стратегија ја подготвивме со помош на Американската агенција за развој – USAID, преку вклученоста во проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.

**Стевче Стевановски**
**Градоначалник на Општина Новаци**

# 1. Извршно резиме

Општина Новаци е една од 13те општини кои се вклучени во втората група локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсрсите“, под покровителство на УСАИД. Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Плановите / Стратегиите за локален економски развој.

Стратегијата за ЛЕР на Општина Новаци се однесува на петгодишен период т.е 2023 – 2028 година и е самостоен стратешки документ кој е насочен кон локален економски развој на општината, а истиот е изработен од советници во Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој во соработка со претставници од НВО и бизнис секторот.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој направена е анализа на локалната економија и изготвена е SWOT анализа на општината, дефинирана е визијата, стратешките цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности.

За периодот кој го покрива овој стратешки документ визијата на Општина Новаци е насочена кон развој на комуналната инфраструктура која во овој момент недостасува, развој на општината во еден од најголемите производители на земјоделски култури во Македонија преку унапредување и понатамошен развој на земјоделството, посакувано место за инвеститорите за отворање на нови бизниси кои ќе водат до отворање на нови работни места и задржување на населението на овие простори, преку постојано едуцирање на населението согласно потребите на пазарот на труд, развој на меморијалниот и еко туризмот преку искористување и промоција на културното, историското и природното наследство на наша територија и најважно од се да прераснеме во еколошки чиста и здрава животна средина.

Визијата која сакаме да ја исполниме ќе се оствари преку поставените стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди Општина Новаци, акциониот план со предложени активности но секако и од направената SWOT анализа.

Изработувајќи ја SWOT анализата утврдивме дека она што треба да се искористи и максимално да се стави во функција на локалениот економски развој на Општина Новаци е плодната почва и развиеното земјодество, добрата географска поставеност и ресурсите со кои располагаме, а се клучни не само за нашиот регион туку воопшто и за целата наша држава, како што е производството на електрична енергија од јаглен, но и обновливи извори на енергија како што се сонце, вода и ветер. Најголеми недостатоци кои ги има Општина Новаци се во делот на отселувањето на населението како најголем проблем со кој се соочуваме насекаде низ државата, не само кај нас, потоа загадувањето, инфраструктурните и урбанистичките проблеми на кои значително треба да се работи во наредниот петгодишен период.

# 2. Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **УСАИД** | Американска агенција за меѓународен развој |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **SWOT** | S – strength (предност )<br>W – weaknesses (слабости)<br>O – opportunities (можности)<br>T – threats (закани) |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЛАГ** | Локална акциона група |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЗГ** | Здружение на граѓани |
| **АВРСМ** | Агенција за вработувањена Република Северна Македонија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ИПАРД** | Програмана за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| **ИПА ЦБЦ** | Програма за прекугранична соработка |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството ируралниот развој |
| **БРР** | Биро за регионален развој |
| **ЦРППР** | Центар за развој на пелагониски плански регион |

# 3. Вовед во стратегијата

Општина Новаци со писмо за изразување интерес бр.03-923/1 од 09.11.2021 година испратено до УСАИД се пријави за вклучување и учество во Проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.

Локалниот економски развој е од исклучително значење за развојот на општината. Во текот на последните две декади сведоци сме на спроведување процес на децентрализација на надлежностите од централната на локалните власти. Главна економска цел на реформата е поголем обем и квалитет на јавните услуги на локално ниво.

Локалниот економски развој претставува сложен концепт кој се однесува на активностите и политиките што треба да ги преземе општината за да го стимулира економскиот развој на својата територија. Егзистирањето на општините во современи услови не може да се замисли без спроведување на локален економски развој, а успешното реализирање на концептот на ЛЕР подразбира создавање поволна клима за деловни активности и инвестирање.

Токму затоа секоја општина треба да има ажуриран и тековен План/Стратегија за ЛЕР преку кој ќе ги спроведува сите активности како еден дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Новаци: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка и др.

Оваа нова Стратегија за Локален економски развој на Општина Новаци за периодот 2023 – 2028 година е целосно нов документ кој е развиен самостојно со поддршка и насоки на експертот ангажиран од страна на УСАИД преку проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.

Во изработката на овој документ покрај советниците од Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој беа вклучени невладиниот сектор, граѓаните но и бизнис секторот. На тој начин успеавме да обезбедиме еднаква застапеност во консултациите и процесот на донесување на одлуки во целокупниот процес, исполнувајќи ја мисијата на проектот на УСАИД за поголема транспарентност и отчетност на локалните самоуправи и воопшто на државните институции но секако и одговорноста на жителите на Општина Новаци.

Стратегија за Локален економски развој на Општина Новаци за периодот 2023 – 2028 година содржи многубројни проекти чија финансиска конструкција изнесува 404.629.348,00 денари.

# 4. Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) е изготвена врз основа на методологијата развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Главни карактеристика на оваа методологија е тоа што се заснова на неколку структурни елементи:

- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Локална соработка и вмрежување,

кои претставуваат основа за анализа на локалната економија. Друга особеност на оваа методологија е што го истакнува принципот на активно учество на засегнатите страни и е насочена кон изработка на документ кој се фокусира на економскиот развој, без сеопфатно вклучување на културата, здравството, социјалата и други аспекти на развојот во целина.

Исто така методологијата предвидува изработка на јасен, концизен и практичен документ, во кои се дефинирани реални, изводливи активности кои треба да придонесат во остварување на целите и визијата на општината.

На подготовката на Стратегија за Локален економски развој на Општина Новаци за периодот 2023 – 2028 година и претходеа четири дводневни работилници организирани од УСАИД во периодот 2022 – 2023 година на кои работевме на начинот на изработка, пополнување на прирачници, прибирање податоци за локалната економија, средствата за финансирање, изработка на стратешки цели и приоритети, визија на Општина Новаци, изработка на SWOT анализа, подготовка на акционен план и слично.

Беа изработени два прашалници кои беа поделени до бизнис секторот но и до пошироката јавност.

При изработката на оваа локална стратегија за економски развој, бизнис заедницата беше повикана активно да се вклучи со свои видувања и предлози, но заинтересираноста од нивна стана не беше голема. Поради тоа, Општина Новаци пристапи до нив на поинаков начин, односно со посети лице-во-лице со стопанствениците и анкетирање на истите.

# 5. Локална економска анализа

## 5.1 Анализа на локалната економска структура

Општина Новаци е позиционирана на југозападниот дел на државата, во непосредна близина на границата со Република Грција. Простирајќи се на една од најплодните почви, во земјата, општината е една од најголемите житници во РСМ. Земјоделието е главна економска гранка  што се гледа и од самата табела на деловни субјекти, каде речиси половината припаѓаат на секторот земјоделие. Поради тоа, во овој сектор има најголем обрт на средства на годишно ниво и претставува еден од основните приходи на жителите на општината.

И покрај овој факт, во последните години се забележува намалување на деловните субјекти токму во овој сектор во висина од 5%. Намалувањето не е драстично, но оваа тенденција расте, со оглед на енормното зголемување на цените за обработување на почвата, семиња, ѓубрива итн., додека цената на земјоделските производи не е зголемена во ист процент како и трошоците за нивно произведување. Во останатите сектори во изминатите 5 години речиси и да нема промени.

Општина Новаци е една од најголемите по површина, но една од најмалите по број на жители. Тој број од пописот во 2002 до пописот во 2021 година е драстично намален, за околу 25%. Процентот на вработеност пак, е на високо ниво. Фактот што имаме мал број на жители, а најголемата термоцентрала за производство на електрична енергија – РЕК Битола како и една од најголемите приватни компании за производство на житни култури – ЗИК Пелагонија се наоѓаат на наша територија и се едни од најголемите работодавачи во државата, придонесува за тоа. Покрај ова, на територијата на општината функционираат и солиден број на приватни компании. Платите во приватниот сектор се конкурентни, затоа што компаниите мора да ги задржат своите вработени, со оглед на тоа што платите во РЕК Битола, но и во приватните компании во регионот (општина Битола која се наоѓа на само 10 км од Новаци) се повисоки од националниот просек.

Во табела 1, прикажан е Бруто домашен производ, во 2021 година, во Пелагониски регион, ЕСС 2010

| | 2021 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | БДП, во милиони денари | Структура на БДП, РМ = 100% | БДП, по жител, во денари | БДП, по жител, МК =100 |
| Пелагониски регион | 76.077 | 10.6 | 361.528 | 92.2 |

Табела 1: Бруто домашен производ
Извор: База на податоци МакСтат

Според последниот попис направен во 2021 година, Општина Новаци брои вкупно 2648 население, односно 803 семејства кои живеат во 1385 живеалишта, што ја прави општината една од најретко населените општини во државата.

Во табела 2, прикажани се бројот на живеалишта, лица кои живеат во тие живеалишта како и видот на живеалиштата.

| ***Општина Новаци*** | | |
|---|---|---|
| ***Вид на живеалиште ВКУПНО*** | Број на живеалишта | 1385 |
| | Лица кои живеат во живеалиштата | 2648 |
| ***Станбена зграда*** | Број на живеалишта | 1381 |
| | Лица кои живеат во живеалиштата | 2648 |
| ***Нестанбена зграда*** | Број на живеалишта | 4 |
| | Лица кои живеат во живеалиштата | / |
| ***Зграда за институционално домување*** | Број на живеалишта | / |
| | Лица кои живеат во живеалиштата | / |
| ***Друго*** | Број на живеалишта | / |
| | Лица кои живеат во живеалиштата | / |

Табела 2: Податоци за живеалишта и број на лица кои живеат во нив
Извор: База на податоци МакСтат

Во табела 3, прикажан е бројот на семејства во Опшина Новаци и вкупниот број на лица кои живеат во општината.

| | | ***Семејства според состав - ВКУПНО*** | |
|---|---|---|---|
| | | Број на семејства | Број на лица |
| ***Новаци*** | ***ВКУПНО*** | 803 | 2648 |

Табела 3: Живеалишта и број на лица во општината
Извор: База на податоци МакСтат

Структурата на нивото на образование во општина Новаци е неповолна. Најголем процент од населението е со средно образование, и тоа 43%. Веднаш по нив следува населението со основно образование, со 39%, додека процентот на население со високо образование, вклучувајќи Магистратура и Докторат е 7,8%, што е значително помалку во однос на останатите. Население кое нема завршено никакво образование е 7,2%.

Во табела 4, прикажана е структурата на населението во Општина Новаци според нивото на образование.

| ***Општина Новаци*** | | |
|---|---|---|
| ***Највисок степен на школска подготовка ВКУПНО*** | ВКУПНО | 2269 |
| | Мажи | 1190 |
| | Жени | 1079 |
| ***Без образование*** | ВКУПНО | 11 |
| | Мажи | 3 |
| | Жени | 8 |
| ***Незавршено основно образование*** | ВКУПНО | 153 |
| | Мажи | 41 |
| | Жени | 112 |
| ***Основно образование*** | ВКУПНО | 892 |
| | Мажи | 425 |
| | Жени | 467 |
| ***Средно образование*** | ВКУПНО | 977 |
| | Мажи | 603 |
| | Жени | 374 |
| ***Високо образование*** | ВКУПНО | 162 |
| | Мажи | 80 |
| | Жени | 82 |
| ***Магистратура*** | ВКУПНО | 14 |
| | Мажи | 4 |
| | Жени | 10 |
| ***Докторат*** | ВКУПНО | 1 |
| | Мажи | 1 |
| | Жени | / |
| ***Непознато*** | ВКУПНО | 59 |
| | Мажи | 33 |
| | Жени | 26 |

Табела 4: Ниво на образование на населението во Општина Новаци
Извор: База на податоци МакСтат

Најголемиот број на активни деловни субјекти на територијата на општина Новаци се во секторот на земјоделство, шумарство и рибарство, со значителна разлика во однос на другите сектори. Вториот сектор по бројност на деловни субјекти е трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли, кој брои речиси 4 пати помалку во однос на секторот земјоделство, шумарство и рибарство. Бројот на деловни субјект во останатите сектори е мал, и се движи од 1-5.

Во табела 5, прикажани се деловните субјекти во Општина Новаци според сектор.

| | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 79 | 80 | 80 |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 42 | 39 | 39 |
| Б Рударство и вадење на камен | / | / | / |
| В Преработувачка индустрија | 3 | 4 | 4 |
| Г Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација | / | / | / |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; управување со отпад; санација на околината | 1 | 1 | 1 |
| Ѓ Градежништво | 1 | 1 | 1 |
| Е Трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли | 10 | 10 | 9 |
| Ж Транспорт и складирање | 3 | 3 | 3 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4 | 5 | 4 |
| Ѕ Информации и комуникации | / | / | / |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | / | / | / |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | / | / | / |
| К Стручни, научни и технички дејности | 1 | 1 | 2 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | / | / | / |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 | 1 | 1 |
| М Образование | 1 | 1 | 1 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 2 | 2 | 3 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 3 | 5 | 5 |
| О Други услужни дејности | 7 | 7 | 7 |
| П Дејности на домаќинствата како работодавачи | / | / | / |
| Р Дејности на екстратериторијални организации и тела | / | / | / |

Табела 5: Деловни субјекти по сектор
Извор: База на податоци МакСтат




Слика 1: Активни деловни субјекти по големина, по општини
Извор: База на податоци МакСтат

Силни страни кои Општина Новаци ги идентификува во однос на локалната економија се големиот број на деловни субјекти од секторот земјоделие, што е особено важно за нашата општина имајќи во предвид дека на располагање имаме голема територија, а со тоа и големи површини на обработливо земјиште, кои во случајов се добро искористени. Исто така, силна страна е тоа што бројот на деловните субјекти во изминатите години многу малку варира, односно посточките бизниси успешно функционираат.

Како слаби страни идентификувани во однос на локалната економија се непостоењето на средни и големи компании, кои многу повеќе би придонеле за зголемување на економскиот развој на општината, со оглед на тоа што вработуваат повеќе луѓе, а и имаат поголем удел во приходите на општината од даноци. Исто така, слаба страна е тоа што на територијата на Општина Новаци не постојат финансиски институции , што ги принудува локалните бизниси да ги задоволуваат своите потреби во однос на финансиски средства во најблискиот град, Битола. Покрај тоа, најголемиот број на деловни субјекти се сконцентрирани само во неколку населени места кои имаат поголем број на жители, додека во останатите населени места поради високото ниво на иселување и миграција, не постојат услови за оддржлив  економски развој.

## 5.2 Локална соработка и вмрежување

Локалната соработка на општината со сите релевантни субјекти кои гравитираат на нејзина територија, секогаш била наш приоритет. Тоа значи дека Општина Новаци вложувала и ќе вложува уште повеќе напори за да ја подобри локална соработка, пред се со бизнис секторот и со НВО секторот.

Силна страна во овој дел е отвореноста на општината за соработка, односно достапноста на градоначалникот и соодветните служби за секој кој има некаков проблем, идеа или предлог.

НВО секторот е многу важен, во поглед на креирање на соодветни капацитети, односно вложување во човечки ресурси, а интензивната комуникација, поддршка и соработка со овие организации се основен предуслов за тоа. Општина Новаци има воспоставено соработка со неколку невладини организации, во насока на обука на младите во општината за формирање на Младински центри, пишување на проектни апликации и сл. Покрај ова, младите се вклучени во истражување со кое би се лоцирале нивните главни интереси и во кои полиња треба да се работи за подобрување на младинските политики. Исто така, во соработка со Националната платформа за женско претприемништво, редовно се организираат работилници за развој на претприемачкиот потенцијал на жените од Општина Новаци.

Заинтересираноста на бизнис секторот да се вклучи во процесот на креирање политики, носење одлуки и давање на предлози и идеи за функционирањето на локалната самоуправа беше многу мала. На иницијатива на градоначалникот и соодветните служби во општината, се потрудивме неколку пати да стапиме во комуникација со локалните бизниси и да го поттикнеме нивното учество, но на почеток, безуспешно. Речиси никој од нив не беше заинтересиран. Поради тоа, првично го сменивме пристапот, односно службите на Општина Новаци пристапија до локалните бизниси со цел да ги видат нивните потреби, проблемите со кои се соочуваат и да ги слушнат идеите кои ги имаат. Постепено, им укажавме дека се важен фактор за правилното функционирање на една локална самоуправа, со што нивното присуство на наредните состаноци на кои беа поканети се зголемуваше. Сега, сметаме дека комуникацијата со локалните бизниси е драстично подобрена, а целта на општината е во иднина да одржува најмалку 2-3 состаноци со нив на годишно ниво, кои би станале редовна практика.

Локалните бизниси во Општина Новаци немаат некаква формална комуникација помеѓу себе, но редовно споделуваат искуства и добри практики, особено во земјоделието, каде конкурентноста и приносите зависат токму од примена на добрите практики.

Една од главните цели на Општина Новаци е да ги задржи младите и воедно да го зголеми процентот на високо образовани лица. За таа цел, општината има склучено меморандуми за соработка со неколку универзитети, со што ќе се стипендираат или ќе се субвенционираат уписите на нашите студенти.

Фокусот на општината во моментов е изградбата на Индустриска зона. Новаци преку соработка, односно со посети на Стопански комори во Турција, информативни состаноци со турски фирми и презентирање на можностите и условите за инвестирање, успеа да го привлече вниманието на голем број на турски фирми. Во моментов се регистрирани 30тина турски фирми во Новаци кои сакаат да купат градежни парцели и да отворат свои фабрики.

Слаба страна која ја лоциравме во овој дел, е незаинтересираноста на локалните бизниси, но и на жителите за соработка со локалната самоуправа. Првите чекори за надминување на овие проблеми се преземени, интересот на локалните бизниси за соработка се зголемува, како што наведовме погоре, а општината се труди да ги вклучи и жителите во процесот на одлучување преку одржување на Буџетски форуми.

## 5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Општина Новаци е општина со средно ниво на транспарентност, според извештајот за извршена проверка на објавените документи и информации кои општините и центрите за развој на плански региони во Република Северна Македонија како иматели на информации се обврзани да ги објават на своите веб – страници за 2022 година. Од самото објавување на овој извештај до сега, општината следејќи ги инструкциите и насоките во однос на транспарентноста, има поставено голем дел од бараните документи на својата веб страна. Општината континуирано се стреми за подобрување на транспарентноста, со цел да биде што поблизу до своите жители и да ги подобри своите услуги.

Седниците на Совет се отворени за јавноста, а дневните редови, записниците и одлуките кои произлегуваат од овие седници се поставени на веб страната на општината. Информациите поврзани со дневниот ред и одлуките на истите се објавуваат и на социјалните мрежи.

Сите планирани набавки, огласи, склучени и реализирани договори се објавени на веб страната на општината, а заинтересираните фирми може да добијат информации за објавените тендери од соодветните службеници или да учествуваат на отворање на понудите.

Буџетот, кварталните извештаи како и завршните сметки на Општина Новаци исто така редовно се објавуваат на веб страната.

Основни предизвици со кои локалните бизниси се соочуваат, за што им е потребна соодветна поддршка се правни совети, како на пример основање на фирма, подготвување на тужби, подготвување на најразлични барања, ликвидација на компании и сл. Ова особено се однесува на фирмите кои се од секторот Трговија на големо и мало. Фирмите од овој сектор имаат и потреба од обуки за искористување на финансиски средства од фондови. На преголема бирократија при издавање на дозволи (особено дозвола за градба), се жалат фирмите од секторот Преработувачка индустрија.

Фирмите од сектор Земјоделие, кои се и најбројни во Општина Новаци, имаат потреба од обуки за искористување на средства од ИПАРД програмата, која според нив е комплицирана и многу често се одбиени поради некомплетна документација. Исто така, инсистираат на организирање на почести собири – презентирање на нови видови на

современи семиња и хемиски препарати, но и посредување на општината помеѓу соодветни министерства и земјоделците, со цел да можат да си ги искажат своите мислења, идеи, предлози и да ги истакнат проблемите со кои се соочуваат.

Силни страни на Општина Новаци во овој дел е ефективна, траспарентна и ефиксна администрација, отворена за соработка со бизнис секторот. Покрај тоа, Општина Новаци започнува со активна комуникација со бизнис секторот со цел надминување на бариерите и олеснување на услугите.

Слаба страна пак, во однос на бизнис опкружувањето, транспарентност и администрација без корупција, е неможноста за инвестирање во Индустриската зона, поради недостиг на финансиски средства. Општината се труди да најде финансии за да им ги обезбеди потребните услови на заинтересираните фирми да може да инвестираат во нашата општина.

## 5.4 Пристап до финансии

Во Општина Новаци не постојат институции кои што би обезбедиле пристап до финансиски средства на локалните деловните субјекти. За таа цел тие најчесто се обраќаат до банките или слични институции во Општина Битола која е оддалечена на само 10 км.

Како еден од најголемите проблеми со кои што деловните субјекти во Општина Новаци се соочуваат во однос на пристап до финансиски ресурси се сложените процедури на банките и другите финансиски институции. Имено претставниците на малите и средни претпријатија сметаат дека банките и слични институции бараат премногу документација при аплицирање за кредитни производи, а самиот процес премногу трае. Освен тоа сметаат дека овие институции немаат доволно финансиски производи кои што се адаптирани за потребите на микро и малите претпријатија. Покрај тоа, каматните стапки се премногу високи.

На национално ниво, постојат повеќе програми кои би можеле да се искористат од локалните бизниси. Една од тие програми е ФИТР фондот, кој нуди помош за започнување на нови, иновативни бизниси. Овој фонд, во соработка со многу банки во државата, нудат кредитни линии за сите кои имаат иновативна бизнис идеа.

Покрај ФИТР, тука е и ИПАРД програмата. Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија наменет за рурален развој (ИПАРД) е петта компонента на ИПА, со која се обезбедува финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој, од аспект на подготовките за Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ и инструментите за нејзино спроведување, поточно правилата за финансирање од Европскиот Фонд за земјоделство и рурален развој (ЕАРДФ), како и прилагодување на земјоделскиот сектор кон правилата и стандардите кои важат на Заедничкиот Пазар на ЕУ.

Силни страни кои се детектирани во делот пристап до финансии е постоењето на 10тина банки во Битола, односно 10тина филијали кои им се достапни на жителите и бизнис секторот на Општина Новаци. Се наоѓаат релативно близу до Новаци, на оддалеченост од само 10 км. Покрај тоа, во Битола постојат и голем број на државни институции и други институции кои нудат пристап до финансии.

ПРИЛОГ: Анекс 1 – Табела со можности за финансирање на бизнис секторот

## 5.5 Земјиште и инфраструктура

Општина Новаци е една од најголемите општини по територија во државата. Се протега на површина од 773 км². Таа е петта општина во Република Северна Македонија според големина на обработливо земјиште – располага со 22.905 хектари. Исто така, општината има 28.952 хектари пасишта и 17.000 хектари шуми. Големата територија значи голема површина и земјиште кое може да се користи, издава или продава на заинтересирани деловни субјекти и стопанственици. Тоа е всушност и една од силните страни на Општина Новаци, како и големиот број на објекти во сопственост на општината кои би можеле да се искористат, односно продадат или дадат под закуп на заинтересирани инвеститори. Покрај тоа, постојат соодветни услови, односно канцелариски простории кои би можеле да се искористат од страна на приватниот сектор доколку има потреба од тоа.

Во тек е изградба на првата индустриска зона во Општина Новаци која ќе биде лоцирана во село Новаци, а за која веќе има заинтересираност од странски инвеститори. Согласно опишаните граници за УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци – вон град, Општина Новаци, вкупната површина на планскиот опфат изнесува 17,26 ха. Планираните површини и класи на намени се прикажани во табела 6:

| Нумерација на ГП | Основна класа на намена | Компатибилни класи на намена | Површина на градежна парцела (m²) | Максимално дозволена површина на градба (m²) | Висина на хоризонтален венец | Катност | Максимално дозволена бруто површина за градба (m²) | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 1081,00 m² | 419.53 m² | H=10.00 m | П+1 | 839.06 m² | 38.81% | 0.76 |
| 1.2 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 5210.85 m² | 3321,93 m² | H=10.00 m | П+1 | 6643.86 m² | 63.75% | 1.28 |
| 1.3 | Е2 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 78.95 m² | 30,72 m² | H=10.00 m | П+1 | 30.72 m² | 38.91% | 0.39 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 10646.31 m² | 7400.00 m² | H=10.00 m | П+1 | 14800.00 m² | 69.51% | 1.39 |
| 1.5 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 2915.16 m² | 1314.65 m² | H=10.00 m | П+1 | 2629.30 m² | 45.10% | 0.90 |
| 1.6 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 3070.70 m² | 1349.04 m² | H=10.00 m | П+1 | 2696.08 m² | 43.90% | 0.88 |
| 1.7 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 1545.28 m² | 706.38 m² | H=10.00 m | П+1 | 1412.76 m² | 45.71% | 0.91 |
| 1.8 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 1716.41 m² | 727.42 m² | H=10.00 m | П+1 | 1454.84 m² | 42.38% | 0.85 |
| 1.9 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Д2, Д3, Д4 (30%), Б4 (10%), max 49% | 3999.60 m² | 2478.17 m² | H=10.00 m | П+1 | 4956.34 m² | 61.96% | 1.24 |
| | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | | | 30264.26 m² | 17746.84 m² | | | 35462.96 m² | 58.64% | 1.17 |

Табела 6: Планирани површини и класи на намена во Индустриска зона во с.Новаци



Слика 2: УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 – лесна и помалку загадувачка индустрија КО Новаци ВОН ГРАД

Во рамките на општината патната комуникација се изведува преку локални – општински и регионални патишта. Жителите со центарот на општината Новаци, селото Новаци и градот Битола се поврзани со автобуски сообраќај. Новаци може да се пофали со одлична патна инфраструктура и поврзаност помеѓу населените места, што е наша втора силна страна. Речиси сите населени места се поврзани со асфалтирани регионални патишта и

речиси сите фрекфентни локални патишта се асфалтирани, кои редовно се санираат и одржуваат.

Во Општина Новаци има вкупно 197 км локални патишта, од кои современ коловоз се 69,3 км, односно 127,7 км земјен пат. Земјените патишта во најголем дел се всушност полски патишта за пристап до земјоделските површини.

Во Новаци до овој момент не се организирале работилници за микро претпријатија или трговци поединци, од причина што до сега не се пројавил интерес од бизнис секторот за вакви работилници. Доколку би имал интерес, општината може да обезбеди простории за овие работилници и да биде иницијатор на истите. Постојат повеќе канцелариски простории во сопственост на Општина Новаци кои би можеле да се искористат за различни намени, по потреба на бизнис секторот или невладиниот сектор. Дел од овие простории општината веќе им ги има отстапено на НВО.

Бизнис инкубатор не постои во Општина Новаци. Во консултација со локалните бизниси, многу мал процент од нив се изјаснија дека имаат потреба од бизнис инкубатор. Најголемиот дел од нив, имаат потреба од правни совети и едукација.

Во општината во тек е формирање на Индустриска зона. Потребната документација е во завршна фаза, и се очекува за скоро време да се започне со изградба на инфраструктура за оваа Индустриска зона. Во моментов заинтересираноста за купување на градежни парцели и изградба на фабрики од соодветните намени е висока, особено од турски нвеститори, кои веќе регистрираа фирми и чекаат да се огласат парцелите за продажба.

Слаби страни во делот на земјиште и инфраструктура се бавните и скапи процедури за изработка на документација за продажба или давање под закуп на државно земјиште. Покрај тоа, одредени недоречености, односно спротивставености на законите се јавуваат како проблем при продажбата на градежно земјиште. Исто така, како слаба страна се јавува слабата економска активност што доведува до тоа да бизнисите немаат потреба од бизнис инкубатори, акцелератори и слично.

## 5.6 Регулаторна и институционална рамка

Република Северна Македонија започна да го следи трендот за дигитализација на услугите за граѓаните и бизнис секторот. Еден таков пример е дигитализацијата на процесот за издавање на градежна дозвола, што воедно претставува силна страна и еден чекор кон олеснување на оваа процедура и намалување на времетраењето за истата, но сеуште треба да се работи на оваа проблематика за да се задоволат барањата на приватниот сектор.

Проблемот со процедурите во институциите е нешто кое постои одамна и сеуште не е решено, иако се прават напори овие процедури да се олеснат. Покрај тоа, недовербата која жителите, а особено приватниот бизнис сектор ја има во институциите, е нешто кое го актуелизира овој проблем и гради дополнителни бариери.

Најголемите поплаки и жалби кои ги имаа од приватниот сектор во овој дел, се сложените и бавни бирократски процеси, особено при издавањето на дозвола за градба. Покрај тоа, несоодветната координација помеѓу институциите каде треба да помине целокупната документација е дополнителен проблем кој се јавува, а поради кој се одолговлекуваат самите процедури. Конкретен пример е законот за урбанистичко планирање, кој се коси со законот за градење, во делот на продажба на градежно земјиште врз основа на АУП, за што во моментов е покрената иницијатива за автентично толкување на законите од страна на неколку општини во РСМ. Ова се всушност и детектираните слаби страни во поглед на регулаторната и институционална рамка.

Во овој поглед, бизнис секторот сугерира на подобра координација со соодветните надлежни институции кои покрај општината се исто така инволвирани во процесот на издавање на дозволи. Покрај тоа, друг начина да се забрзаат овие постапки е промена на законот, што не зависи од локалните институции.

## 5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност

Невработеноста во Општина Новаци е на ниско ниво, имајќи во предвид дека еден од најголемите работодавачи во Република Северна Македонија, термоцентралата РЕК Битола се наоѓа на наша територија и вработува голем дел од нашето население. Покрај РЕК Битола, тука е и најголемиот земјоделски комбинат – ЗИК Пелагонија, а близината со градот Битола каде функционираат повеќе приватни компании кои вработуваат илјадници луѓе, исто така влијае на фактот за нискиот процент на невработеност во Општина Новаци.

Приватниот сектор во овој момент се соочува со голем проблем, а тоа е недостаток на работна сила. Покрај овој основен проблем, се јавува и проблемот со несоодветен стручен кадар со потребни вештини. Иселувањето на населението, особено на младите лица придонесуваат за ваквата ситуација. Најголемиот број на приватни компании кои функционираат на територија на општината се бизниси од областа на земјоделството, локални продавници за колонијал, па потоа месара, компании за производство на флаширана вода, како и најголемата компанија во рамките на агробизнисот во РСМ, ЗК Пелагонија. Кадарот кој овие компании го бараат, во голема мера не зависи од стручноста, со исклучок на ЗК Пелагонија, каде се бара соодветен кадар со определени вештини, но затоа пак бизнисите се соочуваат со недостаток на работна сила.

Ако ги анализираме приваните компании во Општина Новаци по сектори, можеме да кажеме дека во секторот земјоделство, шумарство и рибарство, има недостаток на соодветен кадар, и имајќи го во предвид трендот на иселување и миграција, се очекува овој проблем да се зголеми во иднина. Во овој поглед, општината ќе се потруди да организира стручни обуки како и да организира инфо сесии за можностите за вработување на активните баратели на работа.

Во секторот преработувачка индустрија, најголемиот проблем е недостатокот на работна сила, со оглед на големиот процент на вработеност но и големото иселување. Очекуваме со мерките кои општината ги презема (подобрување на инфраструктурата, создавање на нови работни места со конкурентни плати, развој на туризмот и сл.), за 4-5 години барем во одреден степен да го намалиме иселувањето, односно да ги задржиме младите лица.

Во секторот трговија на големо и трговија на мало, се јавува истиот проблем како и во преработувачката индустрија.

Силни страни се иницијативите кои се преземаат за задржување на младите лица во општината:

- Обезбедување на соодветна инфраструктура за пристоен живот како на пример канализациони мрежи, патна инфраструктура, чиста вода за пиење за секое населено место,
- Иницијативи за отворање на нови фабрики преку изградба на Индустриска зона и привлекување на странски и домашни инвеститори, - Субвенции за климатизери и термоизолациони фасади со цел да вложуваат во своите домови и на тој начин да ги задржиме
- Посредување при организација на обуки за Младински центри, искористување на странски фондови и сл.

Покрај тоа, како силна страна се и иницијативите за помош на невладини организации со цел едукација на населението.

Недоволната информираност на населението за потребите на пазарот во однос на кадри, со цел да изберат соодветно образование или обука, е една од детектираните слаби страни. Покрај тоа, друга слаба страна е непостоењето на образовни институции на територија на Општина Новаци за соодветен стручен кадар.

## 5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Општината Новаци е значајна општина во југозападниот дел на рамницата Пелагонија поради тоа што е крстосница на регионалните патишта: патот Битола-Новаци-Маково го поврзува битолскиот дел на Мариово, исто така југоисточно од Новаци патот што води кон селата Брод и Бач, а на север кон Добрушево-Тополчани-Прилеп. Новаци секогаш претставувало центар на управна единица.

Општината се вбројува во редот на поголемите општини во Република Северна Македонија. Зафаќа површина од 773 км2 во јужниот дел на Република Македонија и се наоѓа на надморска височина од 580 метри, на географска ширина од 41° 2′ 40″ и географска должина 21° 27′ 40″. Општинскиот центар од најблискиот град Битола е оддалечен 11 км. Општината е петта општина во Република Македонија според големина на обработливо

земјиште – располага со 22.905 хектари обработливо земјиште. Исто така, општината има 28.952 хектари пасишта и 17.000 хектари шуми.

Според жителите на општината, врз основа на спроведеното истражување и анкета, Општина Новаци претставува општина со поволна положба и атрактивно место за живеење, каде постојат соодветни услови за развој на руралниот туризам и развој на земјоделието. Меѓутоа, загадувањето од РЕК Битола и недостатокот на комунална инграструктура негативно влијае на овие можности во општината.

Според локалните бизниси, покрај недостатокот на работна сила, недоволно изградената комунална инфраструктура претставува проблем за нивното нормално функционирање, но и основен недостаток при обидот да се привлечат нови инвестиции и компании. За таа цел, еден од приоритетите на Општина Новаци е изградбата на индустриска зона во центарот на општината, во с.Новаци. Процедурата е започната, основен проект за изградба на соодветна инфраструктура е направен, во тек е аплицирање за средства за започнување со изградбата на оваа индустриска зона. Покрај тоа, се изработува УП врз основа на кој ќе може да се продаваат предвидените парцели во оваа зона. Исто така, општината, како што беше претходно наведено, се обидува да стане поблиска со бизнис секторот, со организирање на информативни средби, на кои се лоцираат основните проблеми но и се претставуваат можностите за инвестирање во општината. Градоначалникот на општината со лица од администрацијата често посетуваат стопански комори во и надвор од државата со цел привлекување на нови инвестиции.

Детектирани силни страни се големиот број на природно и културно – историски богатства со кои располага општината а кои може да се искористат за развој на рурален, меморијален и еко-туризам. Овие потенцијали, во изминатите години делумно започнаа да се користат, најмногу преку имплементирање на проекти од ИПА програмата во насока на развој на туризмот, но целта во иднина е да се надогради оваа приказна, да се спојат сите овие потенцијали во една солидна туристичка понуда и со тоа да се заинтересираат туристи од државата, но и од странство за почесто и во поголем број да ја посетуваат општината, а населението да започне да гради една успешна бизнис приказна потпирајќи се на развојот на туризмот. Во оваа насока, промовирањето на општината е еден од приоритетите во иднина.

Слаби страни се недоволно изградената комунална инфраструктура но и загадениот воздух и почва, за што најголеми виновници се РЕК Битола и депонијата Мегленци која не задоволува ни минимални стандарди. Овој проблем во иднина е предвидено да се реши со изградба на нова регионална депонија за Пелагонискиот и Југозападниот дела на РСМ, која ќе биде лоцирана на територија на Општина Новаци и ќе ги задоволува Европските стандарди. Процесот е веќе започнат и со заеднички сили и влог се надеваме дека истата за скоро ќе се изгради.

# 6. SWOT Анализа

СВОТ анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во некој проект или бизнис потфат. Тоа вклучува одредување на целта на бизнис потфатот или проектот и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта.

**Силни страни**

- Добра патна инфраструктура
- Плодна почва и развиено земјоделство (најпогодно за одгледување на житни култури)
- Близина на граница со ЕУ земја
- Богато културно – историско наследство и природни богатства (богата вегетација и животински свет, чист воздух во Мариовскиот дел на општината), потенцијал за развој на рурален, меморијален и еко туризам
- Најголемиот производител на електрична енергија РЕК Битола се наоѓа на територија на општината (голем дел од населението е вработено во РЕК Битола)
- Искуство и добар углед за искористување на ЕУ фондови
- Хидроенергетски потенцијал
- Документација за изградба на индустриска зона во с.Новаци во завршна фаза

**Слаби страни**

- Иселување на населението и негативен природен прираст
- Одлив на млади стручни кадри
- Недоволно стручни образовани кадри
- Премногу диви депонии
- Непостоење на канализациони мрежи во речиси сите населени места
- Немање на урбанистички планови
- Непостоење на системи за наводнување
- Загадување на почва и воздух предизвикано од функционирањето на РЕК Битола
- Недоволно диверзифицирана економија, односно преголема зависност од РЕК Битола како потенцијален работодавач
- Недостаток на сместувачки капацитети за развој на туризмот
- Незаинтересираност на локалното население активно да се вклучи во развој на општината

**Можности**

- Растечки тренд на руралниот, меморијалниот и еко туризмот
- Постоење на ИПА фондови како потенцијални извори на финансирање на прекугранични проекти
- Зголемен тренд за искористување на обновливи извори на енергија, особено после светската енергетска криза
- Зголемен интерес на странски и домашни инвеститори за инвестирање во општина Новаци

**Закани**

- Климатски промени
- Потенцијално затворање на РЕК Битола поради недостаток на јаглен или поради определба на Владата, со што би се зголемила невработеноста

# 7. Визија и стратешки цели




*Општина со еколошки чиста и здрава средина , најголем производител на земјоделски култури во Македонија, посакувано место за инвеститори и посетители во областа на руралeн, меморијален и еко туризам.*

Стратешки цели:




▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

*Развој на рурален, меморијален и еко туризам со искорис-тување и промоција на културното, историското и природното наследство*

▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

*Унапредување и понатамошен развој на земјоделието*

▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

*Задржување на населението и создавање на едуцирани кадри*

▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4

*Обезбедување на здрава и чиста животна средина*

# 8. Акциски план

Акцискиот план е најважниот дел од Планот за локален економски развој и ги претставува единствените тактики што општинските засегнати страни заеднички ги избираат со цел да ги постигнат поставените Цели.

За остварување на четирите стратешки цели на општината, идентификувани се 40 активности, кои се групираат според следниве основни структурни елементи или таканаречени градежни блокови:

- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Локална соработка и вмрежување

Понатаму, активностите се групираат според стратешките цели кои се наведени во претходната глава.

Во табела 7.1; 7.2; 7.3 и 7.4 се наведени активностите кои Општина Новаци има во план да ги реализира за времетраење на оваа стратегија.

1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ:

*Развој на руралeн, меморијален и еко туризам со искорис-тување и промоција на културното, историското и природното наследство*

- Градежни блокови:
  - Надворешно позиционирање и маркетинг (*активности 1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6; 1.7; 1.8*)
  - Земјиште и инфраструктура (*активности 1.4; 1.6; 1.7; 1.9*)
  - Локална соработка и вмрежување (*активности 1.10 и 1.11*)

| Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни – outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 Одржување на Фестивал на жетвата | Месец Јули секоја наредна година | Општина Новаци, приватни фирми од обласа на земјоде-лие | 910.000,00 денари | - Креирана програма за Фестивалот<br>- Креирани и испечатени 300 флаери<br>- Креирани и испечатени 40 постери<br>- Креиран и испечатен 1 банер<br>- Креирана и изработена церада – меш платно 4x3 м.<br>- Креирани и испечатени 60 благодарници<br>- Одржан Фестивал на жетвата<br>- Зајакната свест за локалните про-изводи<br>- Промоција на општината | - Од 70 до 100 учесници<br>- Од 1000 до 2000 посетители |
| 1.2 Подготовка, дизајн и дистрибуција на туристички водич на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетите-ли во Општина Новаци | 3 месеци (Август – Октомври 2024) | Општина Новаци | 150.000,00 денари | Изработен туристички водич | - Изработен туристич-ки водич со големина од 50 до 100 страни<br>- Испечатени и дистри-буирани 200 туристич-ки водичи за Општина Новаци |
| 1.3 Организирање на инфо сесии за промо-ција на потенцијалите за туризам на Општина Новаци | Во текот на 2024 и 2025 година | Општина Новаци | 25.000,00 денари | - Подготвена презентација за потен-цијалите за туризам<br>- Одржана инфо сесија за потенци-јалите за туризам | - Одржани 5 инфо сесии<br>- Учествувале вкупно 100 лица на 5те инфо сесии |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 Пренамена на општински објекти во сместувачки капацитети | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Потребно е да се ревидира постоечки проект (претпоставка околу 16.000.000,00 денари) | - Реконструирани и пренаменети два објекти:<br>1. Сместувачки капацитет во с.Зовиќ и<br>2. Сместувачки капацитет во с.Скочивир | - Пренаменети вкупно 2 објекти во сместувачки капацитети<br>- Обезбедени најмалку 50 легла |
| 1.5 Обновување на постоечките табли и патокази до постоечките туристички локации и проверка и санација на веќе обележаните туристички патеки | 3 месеци (Јули – Септември 2023) | Општина Новаци, Ангажирана фирма за изработка и промена на таблите и патоказите и санација на туристичките патеки | 1.500.000,00 денари | - Заменети табли чиј број е претходно утврден<br>- Заменети патокази чиј број е претходно утврден<br>- Санирани туристички патеки врз основа на претходно утврдена состојба на истите | - Заменети 30 табли<br>- Заменети 12 патокази<br>- Санирани патеки во должина од 10 км |
| 1.6 Уредување на Пештерите на Кота 1050 | Тековно за времетраење на стратегијата | Општина Новаци, домашни и странски донатори | Потребно е да се ревидира постоечки проект (претпоставка околу 10.560.000,00 денари) | - Чистење на терен околу живеалиштата за да станат попристапни за туристи, да се докомплетираат за го добијат првобитниот изглед и да се обезбедат пристапни скали<br>- Поставување на видиковец | - Поставен 1 видиковец<br>- Уредени и реконструирани 6 живеалишта |
| 1.7 Санација и доопремување на рекреативниот парк на река Коњарка, Скочивир – позната туристичка и излетничка локација | Тековно за времетраење на стратегијата | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Саниран и доопремен рекреативен парк Коњарка (поставени клупи и маси, детски играчки, скари, паркинг простор итн. и санирање на веќе постоечки маси, клупи, детски играчки и сл.) | - Реновиран и доопремен рекреативниот парк на река Коњарка, Скочивир на површина од 2500 м2 |
| 1.8 Уредување на плоштад пред куќата на Калеш Анѓа Старавина | Доколку се обезбедат средства: 4 месеци (Јуни – Септември 2023) | Општина Новаци, Фирма изведувач | 3.000.000,00 денари | Изграден и уреден плоштад пред куќата на Калеш Анѓа | - Изграден плоштад на површина од 500 м² |
| 1.9 Партерно уредување и осветлување на шумска патека од с. Зовиќ до мостот | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Потребно е да се ревидира постоечки проект (претпоставка околу 2.000.000,00 денари) | - Сигнализација и маркација на патеката<br>- Поплочување на патеката со камен и изведба на камени скали<br>- Изградба на видиковец и платформа за сончање | - Изградена шумска патека во должина од околу 600 м која води до познатиот “филмски мост” во с.Зовиќ<br>- Поставен 1 видиковец и 1 платформа за сончање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.10 Организирање на велосипедска тура од с. Старавина до Добро Поле – местото каде е пробиен Македонскиот фронт за време на Првата светска војна | Септември месец секоја наредна година | Општина Новаци, НВО | 305.000,00 денари | Одржана велосипедска тура од с. Старавина до Добро Поле – местото каде е пробиен Македонскиот фронт за време на Првата светска војна | - Помеѓу 50 и 100 учесници<br>- Околу 100 посетители |
| 1.11 Организирање на џип тура во мариовскиот дел на Општина Новаци | Септември месец секоја наредна година | Општина Новаци, НВО | 600.000,00 денари | Одржана џип тура во Мариовскиот дел на Општина Новаци | - Помеѓу 30 и 50 учесници |

Табела 7.1: Активности Стратешка цел 1

2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ:

*Унапредување и понатамошен развој на земјоделието*

- Градежни блокови:
  - Земјиште и инфраструктура (*активности 2.1; 2.2; 2.3 и 2.4*)
  - Вештини, човечки ресурси, инклузивност (*активности 2.5*)

| **Активности/проектни идеи** | **Времетраење (почеток/крај)** | **Вклучени партнери** | **Предвидени трошоци** | **Резултати (директни – outputs)** | **Мониторинг индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 Изградба на систем за наводнување на река Коњарка | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Изграден систем за наводнување на река Коњарка | - Систем за наводнување кој ќе се користи од минимум 300 жители на 4 населени места |
| 2.2 Санација на полски патишта за полесен пристап до земјоделските површини | Тековно секоја година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 12.500.000,00 денари | Санирани полски патишта на територијата на Општина Новаци за полесен пристап до земјоделските површини | - Санирани полски патишта во должина од 10 км |
| 2.3 Прочистување на одводните и доводните канали покрај река Црна, низ Новачко поле | Тековно секоја година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 10.000.000,00 денари | Прочистени одводни и доводни канали покрај река Црна, низ Новачко поле | - Во должина од 10 км |
| 2.4 Изградба на Систем за наводнување од акумулацијата Суводол | 2023 – 2025 | Општина Новаци, Фирма изведувач | 123.000.000,00 денари | Изграден систем за наводнување од акумулацијата Суводол | Должина од 7 км |
| 2.5 Поддршка за формирање на земјоделски задруги | Тековно за времетраење на стратегијата | Општина Новаци | / | - Овозможени советодавни услуги, организирани настани за потенцирање на придобивките од формирање на земјоделски задруги, организирани средби за поврзување на земјоделците со државните институции<br>- Формирани земјоделски задруги | - Минимум 1 формирана земјоделска задруга<br>- Минимум 10 членови во формираната земјоделска задруга |

Табела 7.2: Активности Стратешка цел 2

3. СТРАТЕШКА ЦЕЛ:

*Задржување на населението и создавање на едуцирани кадри*

- Градежни блокови:
  - Надворешно позиционирање и маркетинг (*активности 3.1 и 3.2*)
  - Земјиште и инфраструктура (*активности 3.2; 3.3; 3.4; 3.5 и 3.6*)
  - Вештини, човечки ресурси, инклузивност (*активности 3.7; 3.8 и 3.9*)
  - Пристап до финансии (*активности 3.10; 3.11; 3.12*)

| **Активности/проектни идеи** | **Времетраење (почеток/крај)** | **Вклучени партнери** | **Предвидени трошоци** | **Резултати (директни – outputs)** | **Мониторинг индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 Изградба на рекреативен парк во Новаци | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Изграден рекреативен парт | - Изграден рекреативен парк на површина од 7000 м² |
| 3.2 Изградба на пешачка патека од Новаци до манастирот Рождество на Пресвета Богородица | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | - Изградена пешачка патека<br>- Обезбеден полесен пристап до локална туристичка атракција | - Должина на пешачка патека: 1 км |
| 3.3 Изградба на улици кои водат до Индустриска зона во Новаци (улица од пошта до Златен Клас Новаци) | 2023 – 2028 година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 41.708.439,00 денари | - Изградени улици кои водат до Индустриска зона во Новаци<br>- Обезбеден полесен пристап до Индустриската зона | - Изградени 3 улици во вкупна должина од 1.6 км |
| 3.4 Асфалтирање на улица во с. Гермијан | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | 8.395.909,00 денари | - Асфалтирање на улица во с.Гермијан<br>- Обезбеден полесен пристап за посетителите | - Асфалтирани 500 м од улица во с. Гермијан |
| 3.5 Асфалтирање на улици и патишта во должина од 10 км | Тековно секоја година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 61.500.000,00 денари | - Асфалтирани улици на територијата на Општина Новаци<br>- Обезбедел подобар проток и полесен пристап до локални туристилки атракции | - Асфалтирани улици во должина од 10 км |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.6 Изградба на тротоари во должина од 2 км низ Општина Новаци | Тековно секоја година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 10.000.000 денари | Изградени тротоари на територијата на Општина Новаци | - Изградени тротоари во должина од 2 км |
| 3.7 Едукација на населението за промоција и брендирање на локални традиционални производи | Септември 2027 година | Општина Новаци, НВО, заинтересирани жители | 60.000,00 денари | - Одржани работилници за Едукација на населението<br>- Обучени жители за промоција и брендирање на локални традиционални производи | - 2 одржани работилници<br>- Вкупно 60 учесници на 2те работилници |
| 3.8 Едукација на лица од Општина Новаци за добивање на лиценца за туристички и планинарски водичи | Октомври 2027 година | Општина Новаци, НВО, заинтересирани жители | 30.000,00 денари | - Одржан курс за добивање на лиценца за туристички и планинарски водичи<br>- Обучени туристички водичи | - Одржан 1 курс<br>- 10 учесници на курсот<br>- Минимум 2 обучени и лиценцирани учесници |
| 3.9 Едукација на локалното население за претприемништво | Ноември 2024 и 2025 година | Општина Новаци, АПРЗ, МЗШВ, заинтересирани жители | 10.000,00 денари | Одржани работилници и обучени млади луѓе од локалното население во областа на претприемнички вештини (за искористување на средствата од домашните фондови за млади земјоделци, отпочнување на сопствени бизниси, набавка на механизација и сл. | - Одржани 2 работилници<br>- Вкупно околу 50 учесници на двете работилници |
| 3.10 Давање на субвенции за изградба на термоизолациони фасади | Јануари месец секоја наредна година | Општина Новаци | 15.000.000,00 денари | Субвенционирани вкупно 150 лица во наредни 5 години | Изградени 150 термоизолациони фасади |
| 3.11 Давање на субвенции за изградба на климатизери | Октомври месец секоја наредна година | Општина Новаци | 5.000.000,00 денари | Субвенционирани вкупно 250 лица во наредни 5 години | Обезбедени 250 климатизери |
| 3.12 Давање субвенции за поставување соларни болјери | Јуни месец секоја наредна година | Општина Новаци | 5.000.000,00 денари | Субвенционирани вкупно 250 лица во наредни 5 години | Поставени 250 бојлери |
| 3.13 Давање субвенции за унапредување и развој на земјоделството | Март месец секоја наредна година | Општина Новаци | 5.000.000,00 денари | Субвенционирани вкупно 500 лица во наредни 5 години | Субвенционирани вкупно 500 лица |

Табела 7.3: Активности Стратешка цел 3

4. СТРАТЕШКА ЦЕЛ:

*Обезбедување на здрава и чиста животна средина*

- Градежни блокови:
  - Надворешно позиционирање и маркетинг (*активности 4.1*)
  - Земјиште и инфраструктура (*активности 4.1; 4.2; 4.3; 4.4; 4.5; 4.6; 4.7; 4.8; 4.9; 4.10 и 4.11*)

| Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни – outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 Поставување на дополнителни контејнери, канти за отпадоци и мали корпи | Тековно за времетраење на стратегијата | Општина Новаци, ЈКП Комунална Хигиена – Новаци | 1.000.000,00 денари | Поставени контејнери, канти и корпи за отпадоци според претходно утврден број | - Поставени 30 контејнери, 100 канти за отпадоци и 100 мали корпи |
| 4.2 Уредување на канали и собирање на растителните остатоци и нивна употреба за горење | Тековно секоја година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 2.000.000,00 денари | Уредени канали и обезбедена биомаса за загревање на детската градинка Бамби | - 3 км уредени канали<br>- 30 тона обезбедена биомаса |
| 4.3 Изградба на канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Добромири | Во текот на 2024 – 2025 година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 26.000.000,00 денари | Изградена канализциона мрежа и пречистителна станица во с.Добромири | - Канализациона мрежа во должина од 4 км |
| 4.4 Изградба на пречистителна станица за с. Новаци | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Изградена пречистителна станица во с.Новаци | - Капацитет на пречистителна станица за 1300 лица |
| 4.5 Чистење на дивите депонии (градежен и комунален отпад) | Тековно секоја година | Општина Новаци, Фирма изведувач | 2.500.000,00 денари | - Исчистени диви депонии на територијата на општината<br>- Отстранет градежен и комунален отпад | - Исчистени 5 диви депонии |
| 4.6 Изградба на регионална депонија | 2023-2028 | Општина Новаци, Фирма изведувач | 33.000.000,00 денари | Изградена регионална депонија на територијата на Општина Новаци | - Површина на регионалнаа депонија: 21,5 Хектар |
| 4.7 Акции за редовно пошумување на територијата на Општина Новаци | Тековно секоја година | Општина Новаци | 750.000,00 денари | Успешно организирани акции за пошумување | - Вкупно 15 акции за пошумување во текот на 5 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | - Засадени 20 хектари нови зелени површини |
| 4.8 Поставување на фотоволтаици на покривот на општинските објекти | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Поставени фотоволтаици на покривот на општинската зграда и ОУ Славко Лумбарковски | - Поставени фотоволтаици на 2 објекти во општината<br>- Моќност и број дополнително треба да се утврди со изработка на основен проект |
| 4.9 Изградба на термоизолациона фасада во ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | 6.150.000,00 денари | Изградена термо изолациона фасада на ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци | Изградена термоизолациона фасада со површина од 380 м² |
| 4.10 Изградба на канализациона мрежа за с. Гермијан | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Изградена канализациона мрежа во с.Гермијан | - Должината на канализационата мрежа треба да се определи со изработка на основен проект |
| 4.11 Поставување на контејнерски септички јами со мини прочистителни станици во помалите населени места | Зависно од обезбедените средства | Општина Новаци, Фирма изведувач | Според основен проект кој треба да се изработи | Изградени контејнерски септички јами со мини прочистителни станици во помалите населени места | - Бројот на поставени септички јами треба да се утврди со изработка на основен проект |

Табела 7.4: Активности Стратешка цел 4

# 9. Шема на финансирање

Финансиски средства ќе бидат потребни за реализација на поголемиот дел од предвидените активности. Нивното финансирање ќе биде со средства од Општина Новаци, но и со средства од соодветни институции во државата, фондови од странство, но и техничка помош од одредени организации. Новаци ја подготви планираната финансиска шема за овие активности, прикажана во табела 8:

| ***Активности*** | ***Предвидени трошоци (денари)*** | | ***Извори на финансирање*** | | | | ***Непокриени трошоци*** | ***Забелешки*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***Национални програми (денари)*** | ***Локален буџет (денари)*** | ***Приватен сектор*** | ***Донатори (денари)*** | ***Други (наведете)*** | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1** | | | | | | | | |
| 1.1.Одржување на Фестивалот на жетвата | 1.000.000,00 | 120.000,00 | 300.000,00 | / | 680.000,00 | / | / | / |
| 1.2. Подготовка и дизајн на туристички водич на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во Општина Новаци | 150.000,00 | / | 150.000,00 | / | / | / | / | / |
| 1.3. Организирање на инфо сесии за промоција на потенцијалите за туризам на Општина Новаци | 10.000,00 | / | 10.000,00 | / | / | / | / | / |
| 1.4. Пренамена на општински објекти во сместувачки капацитети | 16.000.000,00 | / | 2.400.000,00 | / | 13.600.000,00 | / | / | / |
| 1.5. Обновување на постоечките табли и патокази до постоечките туристички локации и проверка и санација на веќе обележаните туристички патеки | 1.500.000,00 | / | 750.000,00 | / | 750.000,00 | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6. Уредување на на Пештерите на Кота 1050 | 10.560.000,00 | / | 1.584.000,00 | / | 8.976.000,00 | / | / | / |
| 1.7. Санација и доопремување на рекреативниот парк на река Коњарка, Скочивир – позната туристичка и излетничка локација | 300.000,00 за изработка на проект + изведба во зависност од вредноста на основен проект | / | 300.000,00 | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| 1.8. Уредување на плоштад пред куќата на Калеш Анѓа Старавина | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | / | / | / | / | / | / |
| 1.9. Партерно уредување и осветлување на шумска патека од с. Зовиќ до мостот | 2.000.000,00 | / | 300.000,00 | / | 1.700.000,00 | / | / | / |
| 1.10. Организирање на велосипедска тура од с. Старавина до Добро Поле – местото каде е пробиен Македонскиот фронт за време на Првата светска војна | 305.000,00 | / | 305.000,00 | / | / | / | / | / |
| 1.11. Организирање на џип тура во мариовскиот дел на Општина Новаци | 600.000,00 | / | 600.000,00 | / | / | / | / | / |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2** | | | | | | | | |
| 2.1. Изградба на систем за наводнување на река Коњарка | Треба да се изработи основен проект | / | 300.000,00 + Зависно од износот според основен проект | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| 2.2. Санација на полски патишта за полесен пристап до земјоделските површини | 12.500.000,00 | / | 12.500.000,00 | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3. Прочистување на одводните и доводните канали покрај река Црна, низ Новачко поле | 10.000.000,00 | / | 10.000.000,00 | / | / | / | / | / |
| 2.4. Изградба на Систем за наводнување од акумулацијата Суводол | 123.000.000,00 | / | / | / | 123.000.000,00 | / | / | / |
| 2.5. Поддршка за формирање на земјоделски задруги (советодавни услуги, потенцирање на придобивките од формирање на земјоделски задруги, поврзување на земјоделците со државните институции) | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3** | | | | | | | | |
| 3.1. Изградба на рекреативен парк во Новаци | 300.000,00 денари за изработка на проект + изведба во зависност од вредноста на основен проект | Зависно од износот според основен проект | 300.000,00 | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| 3.2. Изградба на пешачка патека од Новаци до манастирот Рождество на Пресвета Богородица | 300.000,00 денари за изработка на проект + изведба во зависност од вредноста на основен проект | Зависно од износот според основен проект | 300.000,00 | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3. Изградба на улици кои водат до Индустриска зона во Новаци (улица од пошта до Златен Клас Новаци) | 41.708.439,00 | 41.708.439,00 | / | / | / | / | / | / |
| 3.4. Асфалтирање на улица во с. Гермијан | 8.395.909,00 | / | 2.000.000,00 | / | 6.395.909,00 | / | / | / |
| 3.5. Асфалтирање на улици и патишта во должина од 10 км | 61.500.000,00 | / | 61.500.000,00 | / | / | / | / | / |
| 3.6. Изградба на тротоари во должина од 2 км низ Општина Новаци | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | / | / | / | / | / | / |
| 3.7. Едукација на населението за промоција и брендирање на локални традиционални производи | 60.000,00 | / | 60.000,00 | / | / | / | / | / |
| 3.8. Едукација на лица од Општина Новаци за добивање на лиценца за туристички и планинарски водичи | 30.000,00 | / | 30.000,00 | / | / | / | / | / |
| 3.9. Едукација на локалното население за искористување на средствата од домашните фондови за млади земјоделци, отпочнување на сопствени бизниси, набавка на механизација и сл. и давање помош при подготовка на апликацијата | 10.000,00 | / | 10.000,00 | / | / | / | / | / |
| 3.10. Субвенции за изградба на термоизолациони фасади | 15.000.000,00 | / | 15.000.000,00 | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.11. Субвенции за изградба на климатизери | 5.000.000,00 | / | 5.000.000,00 | / | / | / | / | / |
| 3.12. Субвенции за поставување соларни бојлери | 5.000.000,00 | / | 5.000.000,00 | / | / | / | / | / |
| 3.13. Субвенции за унапредување и развој на земјоделството | 5.000.000,00 | / | 5.000.000,00 | / | / | / | / | / |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4** | | | | | | | | |
| 4.1. Поставување на дополнителни контејнери, канти за отпадоци и мали корпи | 1.000.000,00 | / | / | / | / | 1.000.000,00 денари обезбедени од ЈКП Комунална Хигиена Новаци | / | / |
| 4.2. Уредување на канали и собирање на растителните остатоци и нивна употреба за горење | 2.000.000,00 | / | 2.000.000,00 | / | / | / | / | / |
| 4.3. Изградба на канализациона мрежа и пречистителна станица за с. Добромири | 26.000.000,00 | / | 9.000.000,00 | / | 17.000.000,00 | / | / | / |
| 4.4. Изградба на пречистителна станица за с. Новаци | Треба да се изработи основен проект | / | 300.000,00 + Зависно од износот според основен проект | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| 4.5. Чистење на дивите депонии (градежен и комунален отпад) | 2.500.000,00 | / | 2.500.000,00 | / | / | / | / | / |
| 4.6. Изградба на регионална депонија | 33.000.000,00 | / | / | / | 33.000.000,00 | / | / | / |
| 4.7. Акции за редовно пошумување на територијата на Општина Новаци | 750.000,00 | / | 750.000,00 | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.8. Поставување на фотоволтаици на покривот на општинските објекти | Треба да се изработи основен проект | / | 300.000,00 + Зависно од износот според основен проект | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| 4.9. Изградба на термоизолациона фасада во ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци | 6.150.000,00 | / | 922.500,00 | / | 5.227.500,00 | / | / | / |
| 4.10. Изградба на канализациона мрежа за с. Гермијан | Треба да се изработи основен проект | / | 300.000,00 + Зависно од износот според основен проект | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| 4.11. Поставување на контејнерски септички јами со мини прочистителни станици во помалите населени места | Треба да се изработи основен проект | / | 300.000,00 + Зависно од износот според основен проект | / | Зависно од износот според основен проект | / | / | / |
| ***Вкупно*** | 404.629.348,00 | 54.828.439,00 | 140.071.500,00 | / | 210.329.409,00 | 1.000.000,00 | / | / |

Табела 8: Извори на финансирање

# 10. Анекс 1 – Табела со можности за финансирање на бизнис секторот

| **Институција (банки и/или други кредитни институции)** | **Клиенти кои исполнуваат критериуми/корисници (за кого се наменети финансиските средства)** | **Економски сектор/активности** | **Минимална и максимална сума која е на располагање** | **Услови за добивање кредит/грант (хипотека, итн.)** |
|---|---|---|---|---|
| ФИТР фонд | Микро, мали и средни и новоосновани претпријатија за забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и за подобрување на деловната клима за развој на конкурентската способност на компаниите | | 16.260.000 евра | |
| ИПАРД | Индивидуали земјоделци и регистрирани земјоделски фирми | | | |
| Комерцијална банка Скопје | Микро, мали и средни друштва кои не надминуваат 250 вработени, со сопствено учество од најмалку 15% од вредноста на проектот<br><br>Кредитна линија за кредитирање на развој, поддршка за извоз и набавка на трајни обртни средства на МСП преку РБСМ | Купување материјални средства<br><br>Инвестиции во нематеријални средства | До 500.000 евра | За обезбедување на кредитот се користат вообичаени инструменти за обезбедување согласно кредитната политика на Банката (хипотека на недвижен имот, залог на подвижни предмети, меници и др.). |
| НЛБ Банка | Мали и средни претпријатија | Кредит за деловен простор | До 200.000,00 Евра | www.t.ly/MZEY |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Кредит за мали и средни претпријатија | Нови инвестиции во основни средства: (Производствена опрема, машини, алати, медицинска опрема, опрема за пакување, канцелариска опрема, земјоделска опрема, инсталации, градежна опрема, компјутерска опрема и др.)<br>Набавка на обртни средства за тековно работење<br>Рефинансирање на обврски од други Банки. | До 200.000,00 Евра | www.t.ly/K7Er<br>-Рамковен револвинг кредит лимит<br>-Меница во форма на нотарски акт за кредити со рок на отплата до 36 месеци максимален рок 3.000.000 МКД/50.000 ЕУР за трајни обртни средства<br>-Хипотека на недвижен имот |
| | Долгорочен кредит за микро и мали бизниси | За инвестиции во основни средства, за обртни средства и за рефинансирање на обврски од други банки. | До 12.300.000,00 денари | www.t.ly/9wcM4 |
| Халк Банка | Мали и средни претпријатија | Поддршката на малите и средните претпријатија и корпоративни клиенти во нивниот развој и раст. | 5.000 EURO - 666.700 евра | |
| Кредити од кредитната линија на на РБСМ за кредитирање на развојот на микро, мали и средни претпријатија, поддршка на извозот и за трајни обртни средства | -Инвестициски кредити за мали и средни претпријатија,<br>-Кредити за трајни обртни средства за мали и средни претпријатија,<br>-Кредити за МИД-КАП проекти – средно капитализирани друштва. | | до 3.500.000 евра. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПроКредит Банка | Мали и средни претпријатија | Инвестиции во основни средства - нови машини, купување или изградба на објект и додатни инвестиции во бизнисот | | Обезбедување - подвижни предмети или недвижен имот |
| | Мали и средни претпријатија | Обртни средства - набавка на репроматеријали, обртни средства и др. | | Обезбедување - подвижни предмети или недвижен имот |

Изработил:

Игорче Ристески – Советник за ел. инфраструктура во проектите за економскиот развој
Катерина Чукалевска – Советник за изработка на проекти

www.opstinanovaci.gov.mk email: opstina@opstinanovaci.gov.mk